Предлог

Врз основа на член 22 став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија” бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден ___.10.2026 година ја донесе следната

ПРОГРАМА

за изменување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година

1. Со оваа Програма се вршат следните измени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.17/25, 18/25 и 06/26):

- Во точка 3. ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ во колоната „Предвидени средства” износот „8.756.000,00” се брише и се заменува со износот „11.006.000,00”.
  - Во потточката 3.1. Поддршка на квалитетен спорт - надомест за користење на спортски објекти, во колоната „Предвидени средства”, износот „2.000.000,00” се брише и се заменува со износот „2.885.000,00”.
  - Во потточката 3.2. Поддршка на младински екипи - надомест за користење на спортски објекти, во колоната „Предвидени средства”, износот „600.000,00” се брише и се заменува со износот „965.000,00”.
  - Во потточката 3.5. АД ФК „Борец 1919” АД, Велес, во колоната „Предвидени средства”, износот „600.000,00” се брише и се заменува со износот „700.000,00”.
  - Во потточката 3.14. „Поддршка и тековно одржување на спортската сала „Гемиџии”, во колоната „Предвидени средства”, износот „1.500.000,00” се брише и се заменува со износот „3.000.000,00”.
  - Во потточката 3.16. Одржување на помошно спортско игралиште – Трансфер кон ОФС, во колоната „Предвидени средства”, износот „600.000,00” се брише и се заменува со износот „0,00”.

- Во точка 4. ИНВЕСТИЦИИ во колоната „Предвидени средства” износот „24.229.338,00” се брише и се заменува со износот „7.238.048,00“

  - Во потточката 4.1. Основен проект за реконструкција на спортска сала „Гемиџии“ -Општина Велес - ФАЗА 1, во колоната „Предвидени средства”, износот „16.329.338,00” се брише и се заменува со износот „3.138.048,00”.

  - Во потточката 4.3. Реконструкција на спортска сала „Гемиџии” – фаза 2, во колоната „Предвидени средства”, износот „7.300.000,00” се брише и се заменува со износот „3.500,000,00”.

- Во делот ВКУПНО, во колоната „Предвидени средства”, износот „36.203.338,00” се брише и се заменува со износот „21.462.048,00”.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа спортот за 2026 година се врши изменување на следниот начин:

- Промената во ставките 3.1. и 3.2. со кои се обезбедува поддршка на спортските клубови за користење на спортски објекти е поради настаната системска техничка грешка во финансовиот програм, односно направена дупла исплата кон спортските клубови. Истите се известени да извршат враќање на средствата во основниот буџет на Општина Велес.
- Во ставката 3.5.се доадаваат 100.000,00 денари, поради доставеното Барање од АД ФК „Борец" 1919 АД Велес (бр.11-4338/1 од 13.10.2026 година) во кое се наведува потребата од финансиска поддршка наменета за пионерската и кадетската екипа на клубот во натпреварувачката сезона 2026/2027.
- Зголемувањето на финансиските средства во ставката 3.14 „Поддршка и тековно одржување на спортската сала 'Гемиџии'" е неопходно поради обезбедување соодветни услови за нејзиното непречено функционирање.
- Финансиските средства предвивени во ставката 3.15. „Одржување на помошно спортско игралиште – Трансфер кон ОФС", се бришат затоа што нема да бидат реализирани до крајот на на календарската година.
- Потточката 4.1 „Основен проект за реконструкција на спортска сала „Гемиџии" - Општина Велес - ФАЗА 1" се намалуваат се менува согласно Планот на Програмата за развој и нереализираните финансиски средства ќе бидат испланирани за реализација во 2027 година.
-
- Финансиските средства предвивени во ставката 4.3. „Реконструкција на спортска сала 'Гемиџии' – фаза 2", се намалуваат, затоа што до крајот на календарската година нема да бидат реализирани.
  Финансиските средства кои се намалуваат од оваа програма ќе бидат предвидени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2026 година.
  .

	НАЗИВ	Предвидени средства
1	**СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ**	**2.428.000,00**
1.1.	Поддршка на спортски турнири и натпревари	300.000,00
1.2.	Поддршка на активности на Спортско здружение „Спортски игри" за организација на Велешки Спортски игри 2026	600.000,00
1.3.	Поддршка на активности на Железничко спортско друштво Боречки клуб ЖБК-Борец, Велес	90.000,00
1.4.	Фудбалски турнир во рамки на одбележување на 5 јуни, Света Троица, с. Иванковци, Велес	34.000,00
1.5.	Фудбалски турнир во рамки на одбележување на 5 јуни, Света Троица, с. Мамутчево, Велес	34.000,00
1.6.	Меморијален турнир во мал фудбал „Гоце Коцевски"	100.000,00

1.7.	Турнир во мал фудбал во с. Горно Оризари	50.000,00
1.8.	Поддршка на активности на Здружение на рекреативни риболовци и спортски клуб „Металург”, Велес	30.000,00
1.9.	Поддршка на активности на Здружение на спортски риболовци „Бабуна”, Велес	30.000,00
1.10	Поддршка на активности на Здружение на Спортско рекреативен риболовен клуб „Кркушка”, Велес	30.000,00
1.11	Поддршка на активности на Младински велосипедски клуб „Велес”, Велес, за организација на меѓународна велосипедска трка „Трофеј" 2026	60.000,00
1.12.	Поддршка на активности на Тениски клуб „Борец“, Велес за организација на Отворено првенство на Македонија во тенис „Велес опен 2026”	60.000,00
1.13.	Меморијален турнир во тенис „Трајче Црвенпанов-Црвен“	50.000,00
1.14.	Поддршка на активности на ЗГ Кошаркарски клуб „Борец - ветерани”, Велес за организација на 17. Меморијален кошаркарски турнир	30.000,00
1.15.	Поддршка на Извиднички одред „Димитар Влахов”, Велес за организирање на Вардарска регата „Гемиџии“ 2026	350.000,00
1.16.	Атлетска трка „Трчаме за Рацин“ во организација на Атлетска федерација на Северна Македонија	300.000,00
1.17.	Поддршка на Сојуз на спортови на Велес за организација на манифестацијата „Избор на најдобар спортист и спортска екипа” за 2026 година	150.000,00
1.18.	Поддршка на активности на Здружение на спортски ветерани, Велес за организација на турнир на ракометни ветерани „Велес 2026” по повод 9 Ноември, Денот на Општина Велес	50.000,00
1.19.	Поддршка на Здружение на граѓани Мото клуб „Мото Велес” за организација на ендуро-трка	50.000,00
1.20.	Поддршка на активности на ПД „Гемиџии ‘903“	30.000,00
2	**ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ СОЈУЗИ**	**790.000,00**
2.1.	Поддршка Сојуз на училишни спортови	330.000,00
2.2.	Поддршка на општински фудбалски сојуз	400.000,00
2.3.	Организирање и учество на општински, регионални и државни првенства на инвалидизирани лица	60.000,00
3	**ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ**	**11.006.000,00**
3.1.	Поддршка на квалитетен спорт - надомест за користење на спортски објекти	2.885.000,00
3.2.	Поддршка на младински екипи - надомест за користење на спортски објекти	965.000,00
3.3.	ГОК „Борец”, Велес	900.000,00
3.4.	Кошаркарски клуб „Борец – Баскет”, Велес	900.000,00
3.5.	АД ФК „Борец 1919” АД, Велес	700.000,00
3.6.	Здружение ФК „Превалец“, Велес	150.000,00
3.7.	ФК „Тополка“	150.000,00
3.8.	КМФ„Кеги моби Велес“	200.000,00
3.9.	ГОК „Борец“- жени	200.000,00
3.10.	ЗГ Одбојкарски клуб „Виола волеј”, Велес	100.000,00
3.11.	РК „Гемиџии“	100.000,00

3.12.	ЗГ Одбојкарски клуб „Борец ветерани”	80.000,00
3.13.	Поддршка на спортисти за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри	300.000,00
3.14.	Поддршка и тековно одржување на спортската сала „Гемиџии”	3.000.000,00
3.15.	Трансфер до ОФС за спортска опрема на фудбалски клубови	276.000,00
3.16.	Одржување на помошно спортско игралиште – Трансфер кон ОФС	0,00
3.17	Набавка на опрема и поддршка на активности на Здружение пингпонгарски клуб Патриот галакси , с.Горно Оризари- Велес	50.000,00
3.18	Набавка на опрема и поддршка на активности на Здружение пингпонгарски клуб „Борец- тим“, Велес	50.000,00
4	**ИНВЕСТИЦИИ**	**7.238.048,00**
4.1.	Основен проект за реконструкција на спортска сала „Гемиџии“ - Општина Велес - ФАЗА 1	3.138.048,00
4.2.	Мултифункционален спортски семафор и два обрачи	600.000,00
4.3.	Реконструкција на спортска сала „Гемиџии” – фаза 2	3.500.000,00
ВКУПНО		**21.462.048,00**